Врз основа на член 383,384 и 387 од Закон за трговските друштва и член 60 од Статутот на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, Одборот на директори на друштвото објавува:

## Ј А В Е Н   П О В И К

За свикување на Собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште на ул 11 Ноември 87А, Куманово.

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 30.11.2017 година со почеток во 12,00 часот во седиштето на друштвото.

За работата на седницата на Собранието Одборот на директори го предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1.Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници

2. Утврдување на кворум за работа и одлучување

3. Избор на бројачи на гласови

- Записникот ќе го води Нотар

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Избор на председавач на Собрание на акционери

2. Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2016 година и извештај на независни ревизори и донесување на одлука

3. Донесување на одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка и финансиски извештаи за 2016 година

4. Одобрување на работа на членовите на Одбор на директори

5. Разгледување и усвојување на годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија и донесување на одлука

6. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2017 година

7. Донесување на одлука за разрешување на членови на Одбор на директори

8. Донесување на одлука за избор на членови на Одбор на директори

9. Донесување на одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна

Прилог:

- Анекс на Договор за заем со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, Анекс на Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и Анекс на Договор за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово.
- Договор за купопродажба на нафтени деривати со Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово.
- Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со MAK PIPE DUBAI.
- Склучување на Договор за деловно техничка соработка со Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово.
- Извештај за ангажман за уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово од страна на овластен ревизор

**Вкупниот број на акции во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО е 491.000 акции.**

**Вкупен број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО на ден на објава на јавен повик е 491.000 акции.**

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на свиканото собрание.

Пријавите да се достават до ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО - Одбор на директори на Друштвото или по електронски пат на info@fzc11oktomvri.com.mk

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред согласно Законот за трговските друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат.

Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk

Согласно Законот за трговските друштва, акционери кои поединечно односно заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневен ред и одлуки по точките од дневниот ред

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување на предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото на улица 11 Ноември бр.87А. во Куманово и на официјалната интернет страница на Друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО**